MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 151.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 07.06.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,151.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 150.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 150.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 150.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 150.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 150.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац констатира пред присутните членови дека нема пристигнато никаква повратна Информација по задолженија од Заклучоците кои навремено беа доставени до Директорот на МРТ, а беа усвоени на предходните седници на Програмскиот совет на МРТ, и токму поради тоа не се одржа расправа по оваа точка.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија по расправта по оваа точка предложи Заклучок:
-Програмскиот совет на МРТ ќе свикува и одржува седница секој понеделник во 13:00 часот, се додека не добие одговор по предходно усвоените заклучоци упатени до Менаџментот на МРТ.
Зклучокот со 11 гласа за и 1 воздржан беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.**
И по оваа точка беше констатирано дека нема пристигнато никаква повратна Информација по бараниот Заклучок од предходната седница на Програмскиот совет на МРТ, и поради тоа не се одржа расправа и по оваа точка.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац констатира дека се пристигнати неколку дописи,односно Информацијата за работата на жирирто за Евросонг 2021 која беше побарана на предхоната седница на Програмскиот совет, една одлука за избор на програмски содржини со бр.02-3077/1 од 03.06.2021 година, како и барање од вработениот Воислав Доновиќ со бр.17-3096/1 од 04.06.2021 година.
Во продолжение беа разгледани сите документи и по однос на барањето на Воислав Доновиќ со бр.17-3096/1 беше договорено за наредната седница на советот да се повикаат вработени од Одделението за човечки ресурси и Секторот за логистика,како би се утврдило каде е настанат проблемот кој е посочен во самото барање.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател